ИИ457

НОВА МАКЕДОНИЈА 18379



*СЕЌАВАЊЕ*

*ДУШАН ПЕРЧИНКОВ*

# Димче Николов



Димче Николов (1953-1998) е уметник кој почна многу рано да црпи задоволство од специфичниот восхит на цртачките траги по белината на хартијата, со што започнува своевидноста на еден духовен живот во чија опсесија се оформува максималното човечко битисување. Како и кај секој рано одбележан почетник, по вака пројавената недвосмислена ориентација, така и кај него ги следиме успесите на развитокот како одлични, што набргу добиваат посебен карактер. Тоа е епитетот сврзан за првите творечки обиди и резултати пројавени во неговото средно образование. На таа констатација ќе се задржува сеќавањето на неговите професори од овој степен на образование, а тоа како факт ќе остане и во сеќавањата на неговите професори од Академијата за ликовни уметности во Љубљана каде што тој со одличен успех го оформи своето највисоко образование во графичките уметности. Неговата отворена љубопитност за творечки растеж, веднаш забележаната извонредна трудољубивост и најстојчивост во разрешувањето на поставените задачи, исто така е пропратната компонента на постепеното ослободување на еден енергетски набој, кој однапред, пред себе ја носи способноста и вербата дека неминовно е умерен кон нешто, од што постојано се редефинираат нашите потстреци, кои ги осознаваме и ги приближуваме до една сè појасна цел, која го одредува и осмислува нашето постоење.

Неговото уметничко живеење – предвременото отворање на третиот биографски период започнува по завршеното највисоко образование, фактички уште во времето на завршните постдипломски студии, со многубројните настани со свои дела на културниот простор на тогашна Југославија, како и надвор од неа. Многубројните награди од републички и меѓународен карактер го следат од тој период до неодамна, кога го прими и последното големо признание од меѓународното графичко биенале во Шпанија.

Непосредно по своите студии, на овој дел на неговата биографија се надоврзува неговата наставничка работа на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Неговата тивка појава, со смирени и образовни гестови, повеќе од 15 години ја поставуваат пред студентите наставната проблематика по матичните предмети цртање и графика, предизвикувајќи го развитокот на нивните способности во еден деликатен процес на поучување во овој вид уметничко творештво, на начин како што самиот тој, во тоа, според своето искуство се движеше суверено, по строго зацртаниот план.

Оваа година Димче Николов ја вршеше и должноста на декан на факултетот, несебично помагајќи во неговото целокупно организирање и раководење.

Зад него остануваат трагите од безбројните глодења на графичките алатки по големиот број графички плочи, нивната втисната траговна состојба за постоењето на овој свет во белината на графичките листови како драматиката на свечените состојби на неговите специфични реакции и желби на овој свет, настанати според сериозноста на творечката димензија и според нејзината човечка населеност, чие поместување во иднината ќе го сфаќаме како заземање на едно од најзначајните места во историјата на македонската ликовна уметност.

Уметникот, се чини, како да може да го приреди спалувањето на смртта во своите дела.

За пресоздадениот свет во нив, причината лежи во самиот тој. Затоа, севкупното дело што го остава ќе се препознава и понатаму со постоечката личност – Димче Николов.